**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 29.12.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4834 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 25 декември 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 29 декември 2023 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **член 98, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;**
   - **член 14, став 2 од Правилникот за нови рекламни техники;**
6. **Претходно изречена мерка: /**

*На 13.12.2023 година, за непочитување членот 98, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 14, став 2 од Правилникот за нови рекламни техники, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-381 од 13.12.2023 година) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 10 (десет) дена по приемот на решението (13.12.2023 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, емитуван на 25 декември 2023 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконскиот акт.

8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***